Уп. Бр. 08-130/2021

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ИНФИНУМ друштво со ограничена одговорност за компјутерски дејности и услуги (INFINUM društvo s ongraničenom odgovornošću za računalne djelatnosti i usluge), со седиште во Мала Шварча 23, Карловац, Хрватска, преку адвокат Методија Велков од адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која **ИНФИНУМ друштво со ограничена одговорност за компјутерски дејности и услуги (INFINUM društvo s ongraničenom odgovornošću za računalne djelatnosti i usluge) (INFINUM d.o.o.)**, со седиште во Мала Шварча 23, Карловац, Хрватска, ќе стекне единствена контрола над **Друштво за производство, трговија и услуги ЗП ДЕВЕЛОПМЕНТ ДОО експорт- импорт Гевгелија**, со седиште на Железничка бр. 16А, Гевгелија, Северна Македонија, по пат на стекнување на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 02.12.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна на **ИНФИНУМ друштво со ограничена одговорност за компјутерски дејности и услуги (INFINUM društvo s ongraničenom odgovornošću za računalne djelatnosti i usluge) (INFINUM d.o.o.)**, со седиште во Мала Шварча 23, Карловац, Хрватска со која ИНФИНУМ друштво со ограничена одговорност за компјутерски дејности и услуги ќе стекне единствена контрола над **Друштво за производство, трговија и услуги ЗП ДЕВЕЛОПМЕНТ ДОО експорт- импорт Гевгелија**, со седиште на Железничка бр. 16А, Гевгелија, Северна Македонија, по пат на стекнување на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ИНФИНУМ друштво со ограничена одговорност за компјутерски дејности и услуги** е дигитална агенција која врши развој на веб програмски решенија, за Android оперативен систем и iOS оперативен систем. Покрај својата примарна деловна активност која е компјутерско програмирање, ИНФИНУМ друштво со ограничена одговорност за компјутерски дејности и услуги врши и услуги на консалтинг, дизајн, креирање бренд на друштва и производи, дизајн на апликации заориснички интерфејс (UI), подобрување на апликации за корисничко искуство (UX) и обезбедува и проверува квалитет на дигитални производи. Неговите клиенти се во опсег од стартапи поддржани со вложување до глобални претпријатија.

ИНФИНУМ друштво со ограничена одговорност за компјутерски дејности и услуги нема зависни друштва во Република Северна Македонија.

**Друштво за производство, трговија и услуги ЗП ДЕВЕЛОПМЕНТ ДОО експорт-импорт Гевгелија** располага со повеќе од 20 девелопери, дизајнери, маркетери и проект менаџери и обезбедува мобилни и веб решенија за претприемачи, старт-ап друштва и инвеститори.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**